**Известување за концентрација со која Телеком Србија Белград Србија стекнува контрола над ПУЛСЕЦ ДОО Белград Србија**

**(предмет бр. 08-151/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и 208/24), на ден 15.11.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Телеком Србија со регистрирано седиште на ул. Таковска бр.2, Белград, Република Србија стекнува контрола над ПУЛСЕЦ ДОО Белград Србија, со регистрирано седиште на ул. Тошин Бунар 272 б, 11070 Белград , Нов Белград, Република Србија, преку стекнување на удел.

Телеком Србија е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а пред се обезбедува услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија има едно поврзано правно лице на територијата на Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица „Максим Горки“ 11/кат 3, Скопје, Центар, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

ПУЛСЕЦ ДОО Белград е регистриран давател на дејности на компјутерско програмирање и други дејности за кои се исполнети условите на територијата на Република Србија. Како технолошка компанија специјализирана за имплементација на напредни cybersecurity решенија, а со цел заштита на клиентите, нивните податоци и корисниците од cyber пречки. Во Северна Македонија, целното друштво нема поврзани правни лица и не стварило приходи.

Согласно подносителот, како релевантен пазар може да биде пазарот на давање на услуги на мрежна безбедност.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.11.2024 година
Скопје